**20231021937**

# КОЛЕКТИВНИ ДОГОВОРИ

Врз основа на член 228 став (1) од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21) и согласно член 5 од Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 10/08 и 85/09), Министерството за внатрешни работи и Македонскиот полициски синдикат, склучија

## СПОГОДБА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Член 1

Важноста на Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи, склучен на 24 јуни 2021 година и објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 149/21, 299/21, 303/21, 32/22 и 54/23, се продолжува за време од две години, сметано од 25 јуни 2023 година.

Член 2

Оваа спогодба се регистрира во Министерството за труд и социјална политика и се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 03-290/1
12 мај 2023 година
Скопје

Македонски
Полициски синдикат
Претседател,
д-р **Марјан Кицев**, с.р.

Бр. 13.1.1-52478/1
12 мај 2023 година
Скопје

Министерство
за внатрешни работи
Министер,
**Оливер Спасовски**, с.р.